Друштво за производство, промет, градежништво, транспорт и услуги КОП-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Батинци Бр. 0307-193 07.11.2019 год. СТУДЕНИЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ Бр. 05-1814/4 07.11.2019 год. КОЧАНИ

# Д О Г О В О Р

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во натамошниот текст: **Нарачувач**) и

2. ***"КОП –ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Скопје***, со седиште на ул.“Кеј 13-ти Ноември“ бр.76/2, Скопје, Центар, ДБ: 4030003523528 / ЕМБС: 5912300, жиро с-ка 380176904431б1, Прокредит Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Фадиљ Бислимовски (во натамошниот текст : **Изведувач).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавната набавка, со кој Изведувачот се обврзува да изведе определени работи во договорен рок, а Нарачувачот се обврзува да му исплати определена цена за тоа, е изведување на работи за:

***Изградба на ул.Михајло Арсов с.Прибачево, ул.Тоде Паунов с.Д.Подлог, ул.А.Донев с.Оризари, ул.Маршал Тито крак 4 с.Мојанци, ул. Ангел Стојчев с.Тркање***

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во Предмерот, составен дел на тендерската документација изработена од Нарачувачот, а по Одлука за јавна набавка од 04.09.2019 год., за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со објавување на Оглас бр.07846/2019 на ЕСЈН на 13.09.2019 год., и во Службен весник на РМ бр.190/19 постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција на ЕСЈН, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

**Член 2**

Работите од чл. 1 на овој Договор треба да се изведат според описите од предмер пресметката, составен дел на овој Договор, согласно Програмата и измена на програмата за општински патишта и улици на општина Кочани за 2019 година, донесена од Советот на општина Кочани и Предмер пресметката, како и важечките прописи, правила и стандарди за ваков вид на работа.

**Член 3**

Со овој Договор Нарачувачот и Изведувачот ги регулираат своите права и обврски.

***Вредност на договорот***

**Член 4**

Изведувачот, работите наведени во чл. 1 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна цена од **6.495.042,80 денари без пресметан данок на додадена вредност**, согласно резултатите од е-аукцијата одржана на ден 10.10.2019 г. од 13:00 ч. до 13:36 ч.

**Данокот на додадена вредност** на износот од ст.1 на овој член изнесува

**1.169.107,70**денари или

**- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува: 7.664.150,50 денари.**

Во согласност со Извештајот за текот на е-Аукцијата генериран на ЕСЈН и Известување за избор на најповолна понуда понуда преку ЕСЈН единечните цени за изразување на поделните фази и позиции /за секоја ставка посебно/ се намалени за 18 % во однос првично понудената цена и истите се составен дел на овој Договор.

***Извор на средствата за реализација на договорот и начин на плаќање***

**Член 5**

Средствата за реализација без вклучен ДДВ 18% се обезбедени од Програмата за финансиска подршка за руралниот развој за 2018 год. на на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со Решение број 16-3077/1 од 31.07.2019 год. и наш бр.26-1670/1 од 05.08.2019год. за одобрување на барање за финансиска подршка, за мерка 322.Обнова и развој на селата, подмерка 322.2 Инвестиции за изградба и/или реконструкција на улица во населени места во руралните средини (вклучително и атмосферска канализација и пешачките елементи) во должина од 1км , а износот на ДДВ е обезбеден од буџетот на Општина Кочани Програма ЈД, ставка 482.

**Член 6**

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по ситуации за извршени работи (времени и/или завршна ситуација), што ја доставува Изведувачот со дефинирани и изведени позиции, одложено до 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Договорниот орган.

Времената ситуација Изведувачот ја доставува до Нарачувачот во примерен рок по истекот на периодот за кој се однесува, потпишана и заверена од страна на овластен надзорен орган.

Завршната ситуација Изведувачот ја составува и поднесува на исплата до Нарачувачот, врз основа на стварно изведени завршни работи, потпишана и заверена од страна на овластен надзорен орган.

**Член 7**

Конечната пресметка содржи особено:

1) вредноста на изведените работи според договорените цени;

2) износ на разликите во цената;

3) износ исплатен по основ на ситуации;

4) конечен износ што изведувачот треба да го прими или врати по неспорниот дел на пресметката;

5) износ на цената што Нарачувачот го задржува за отстранување на недостатоци;

6) податокот дали објектот е завршен во договорениот рок, а ако не е, колку изнесува пречекорувањето на рокот;

7) податок за тоа кој е договарач, по кој основ и во кој износ бара наплата на договорната казна и надоместок на штета, како и нивни оспорени и неоспорени износи;

8) вкупен износ на цената на изведените работи;

9) податоци за другите факти за кои не е постигната согласност на овластените претставници на договарачите.

**Член 8**

Ако Нарачувачот без оправдана причина го одбие учеството во конечната пресметка или го одолжува своето учество во изработката на пресметката. Изведувачот може самиот да изврши предсметка и за тоа да го извести Нарачувачот. Тоа право му припаѓа и на Нарачувачот.

**Член 9**

Секој договарач ги поднесува трошоците на своето учество во изработката на конечната пресметка.

***Разлики во цена***

**Член 10**

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка, не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.

***Динамика на изведување на работите***

**Член 11**

Изведувачот е должен работите од предметот на договорот за јавната набавка опишани во чл.1 на овој Договор да ги изведе на следниов начин:

- по уредно доставено барање од Нарачувачот за воведување во работа, кое ќе ги содржи сите потребни податоци за несметано изведување на работата, согласно Предмер пресметката, а заради реализација на договорот.

Нарачувачот ќе го воведе Изведувачот во работа во рок од 7 дена дена по склучување на овој договор.

Ако Изведувачот не ги започне работите веднаш по воведувањето во работата, Нарачувачот ќе му остави дополнителен примерен рок од 3 /три/ дена за започнување на работите.

Ако Изведувачот ниту во рокот од ст.3 на овој член, не започне со изведување на работите, Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штетата.

Изведувачот е должен да ги изведе работите - предмет на договорот за конкретната јавна набавка, во рок од **10 /десет/ месеци**, сметано од денот на воведувањето во работа од страна на Договорниот орган и констатирано на Записник за воведување во работа, согласно овој Договор и Предмер Пресметката.

Во текот на изведување на работите, ќе се утвдува квалитетот и квантитетот на истите. Изведувачот е должен во објектите да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот квалитет, согласно техничките прописи.

Изведувачот е должен да изврши соодветно испитување на вградените материјали, согласно МКД стандардите и законските прописи, односно квалитетот на изведените работи ќе го утврдува со земање на кернови (примероци) кои ќе се испитуваат во соодветна лиценцирана лабораторија со издавање на сертификат за квалитетот на вградените материјали, на трошок на Изведувачот.

**Член 12**

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачувачот бил спречен да ги изведува работите.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во понеповолно годишно време.
Како причини, поради кои, во смисла на ст. 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:
1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работата;
4) непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат;

**Член 13**

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачувачот штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

***Обврски на Изведувачот***

**Член 14**

Изведувачот е должен работите од чл. 1 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор, прописите и правилата на струката, а согласно Предмер-пресметката, составен дел на овој Договор.

**Член 15**

Изведувачот е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга (со пропишана форма) кои ќе бидат потпишани од Надзорот на градба.

**Член 16**

За изведување на работите, предмет на овој Договор, Изведувачот се обврзува да обезбеди стручни, квалификувани и овластени лица, согласно Законот за градење, подзаконските акти и доставената понуда.

За изведување на работите, предмет на овој Договор, Изведувачот е должен да именува раководен инженер на градилиштето – одговорно лице, како и инженери за одделни видови работи и за тоа писмено да го извести Нарачувачот, на денот на воведувањето во работа.

**Член 17**

Изведувачот е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината.

Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој Изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува.

Трошоците за спроведување на мерките од став 1 и 2 на овој член, ги поднесува Изведувачот што ги презема тие мерки.

**Член 18**

Ако при изведувањето на договорените работи е предвидено Изведувачот да вградува определена опрема и материјали што ги набавува Нарачувачот, Изведувачот е должен материјалите и опремата што ќе ги прими од Нарачувачот да ги складира, чува и одржува до вградувањето.
Трошоците за складирањето, чувањето и одржувањето на примените материјали и опрема ги

поднесува Изведувачот.

Трошоците од став 1 на овој член, ги поднесува Нарачувачот ако материјалите и опремата му ги предал на Изведувачот пред рокот определен со договорената динамика на работите.

**Член 19**

По завршените работи, односно, по раскинувањето на договорот, Изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со работите од ст. 1 на овој член, извршени по завршетокот на договорените работи, ги поднесува Изведувачот.

Трошоците настанати во врска со работите од ст. 1 на овој член, извршени во случај на раскинување на Договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинување на Договорот.

***Обврски на Нарачувачот***

**Член 20**

Нарачувачот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок до воведување на Изведувачот во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

**Член 21**

Нарачувачот е должен, по стапување на сила на Договорот, да го воведе Изведувачот во работа.

Воведувањето на Изведувачот во работа опфаќа, особено:

1) предавање на градилиштето, под кое, зависно од предметот на Договорот, се подразбира обезбедување на Изведувачот право на пристап на градилиштето;

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен Записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

**Член 22**

Нарачувачот е должен пред започнување на работите да именува свој Надзор на градба, односно, надзорен инженер, и со писмо да го извести Изведувачот за тоа.

**Член 23**

Нарачувачот е должен, на писмено барање на Изведувачот, да обезбеди технички прием на изведените работи.

Во случај Нарачувачот да пушти во употреба некои делови од изведените работи или вкупно изведените работи, пред да биде извршен технички прием, ќе се смета дека изведените работи се примени од страна на Нарачувачот.

Од денот кога ќе започнат да се користат изведените работи од страна на Нарачувачот престануваат сите обврски на Изведувачот во поглед на чување на извршените работи, а гарантниот рок почнува да се смета од денот кога е започнато ваквото користење.

***Услови за квантитативна и квалитативна контрола***

**Член 24**

Изведувачот е должен, согласно правилата на струката, да ја испита правилноста на Изведувањето на работите и да го предупреди Нарачувачот за грешките што ќе ги забележи.

**Член 25**

Во текот на изведување на работите, ќе се утвдува квалитетот и квантитетот на истите.

Изведувачот е должен во објектите да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот квалитет, согласно техничките прописи.

**Член 26**

Изведувачот е должен да го предупреди Нарачувачот за воочените или утврдените недостатоци на материјалите и опремата што се предвидени во Предмер пресметката, како и материјалите и опремата што ги набавил или избрал Нарачувачот.

Материјалите и опремата од ст. 1 на овој член, Изведувачот може да ги вградува само ако Нарачувачот, (откако Изведувачот го предупредил за недостатоците), бара да се вградат и ако вградувањето на тие материјали и опрема не ја загрозува стабилноста на објектот, животите на луѓето, соседните објекти, сообраќајот и околината.

**Член 27**

Изведувачот е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет.

**Член 28**

Изведувачот е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на Нарачувачот.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Ако контролата на Нарачувачот бара откривање на одделни работи или просечување отвори, Изведувачот е должен да го овозможи тоа.

Трошоците на контролата ги поднесува Нарачувачот.

Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба која се наоѓале пред извршената контрола.

По исклучок од ст. 4 на овој член, трошоците на контролата ги поднесува Изведувачот ако не му е овозможи на Нарачувачот на време да ја изврши контролата на изведените работи и на употребените материјали и опрема, па поради тоа при подоцнежната контрола настанале трошоци што инаку би ги немало.

**Член 29**

Сите наоди на контролата на Изведувачот и на контролата на Нарачувачот се запишуваат во градежниот дневник.

Во случај на несогласност на наодите на контролата на Изведувачот и на контролата на Нарачувачот, ќе се изврши заедничка дополнителна контрола. Трошоците на заедничката дополнителна контрола паѓаат на товар на договорачот чиј наод не е потврден.

**Член 30**

Ако Изведувачот во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Нарачувачот и не ги отстрани недостатоците на изведените работи, Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

Ако Изведувачот не ги отстрани во примерениот рок (во зависност од големината ) недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Нарачувачот може, врз товар на Изведувачот отстранувањето на недостатоците да му

го отстапи на трето лице. При тоа Нарачувачот е должен да постапува како добар стопанственик.

***Надзор на изведување на работите***

**Член 31**

Нарачувачот има право да врши надзор на изградба над работите на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на надзор на изградба Нарачувачот има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзорот над градба, го врши надзорниот инжинер што ќе го определи Нарачувачот.

За надзорниот инжинер што е определен да врши надзор на изградба и за неговите овластувања Нарачувачот го известува Изведувачот.

Изведувачот е должен да му овозможи на Нарачувачот вршење на надзор на изградба.

**Член 32**

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал или на текот на изведувањето на работите Нарачувачот е должен без одлагање да му ги соопшти на Изведувачот.

Сите забелешки и наоди од Нарачувачот се соопштуваат во писмена форма и се запишуваат во градежниот дневник.

**Член 33**

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања од Нарачувачот поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

***Начин на примопредавање на изведените работи***

**Член 34**

Веднаш по завршувањето на одредени изведени активности Изведувачот го известува Нарачувачот во писмена форма дека работите се завршени.

**Член 35**

Нарачувачот и Изведувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање на работите.

Ако Нарачувачот започнал да го користи изведени работи пред примопредавањето, се смета дека примопредавањето е извршено со денот на почетокот на користењето.

**Член 36**

За примопредавањето се составува Записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали работите се изведени според договорот, прописите и правилата на струкурата;
2) дали квалитетот на изведените работи му одговара на договорениот квалитет, односно, кои работи Изведувачот треба на свој трошок да ги доработи, поправи или повторно да ги изведе и во кој рок тоа треба да го стори;
3) за кои прашања од техничка природа не е постигната согласност помеѓу овластените претставници на договорачите;
4) датумот на завршувањето на работите и датум на извршеното примопредавање.

**Член 37**

Записникот за примопредавање може да го состави и само еден договорач без учество на другиот ако другиот договорач неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се одзове на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот Записник се доставува до другиот договарач. Со денот на доставувањето на Записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

**Член 38**

Ако во Записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Изведувачот треба на свој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Изведувачот е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи.

Ако Изведувачот не ги изведе работите од ст. 1 на овој член во примерениот рок, Нарачувачот може да ангажира друго лице да ги изведе врз товар на Изведувачот.

***Услови за извршување на дополнителни недоговорени работи***

**Член 39**

Изведувачот е должен да ги изведе договорените работи на начин и во роковите определени со овој Договор.

Како договорени работи во смисла на ст. 1 на овој член се сметаат и вишоците на работите.

**Член 40**

Изведувачот е должен по писмен налог од Нарачувачот да ги изведе непредвидените работи.

**Член 41**

Нарачувачот е должен изведувањето на непредвидените работите да му ги отстапи на Изведувачот, а на трето лице може да му ги отстапи ако Изведувачот одбие да ги изведе воопшто или навремено.

**Член 42**

Нарачувачот е должен изведувањето на дополнителните работи пред отстапувањето на трето лице да му го понуди на Изведувачот.

Изведувачот може изведувањето на дополнителните работи да го прифати или одбие.

***Гарантен период на изведените работи/одговорност за недостатоци***

**Член 43**

Изведувачот гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

Нарачателот е должен за забележаните недостатоци да го извести изведувачот без одлагање.

Гарантниот рок изнесува 2 (две) години, а започнува да тече од примопредавањето на објектот или на дел од објектот на кој се изведени работите, а ако користењето на објектот или на дел од објектот започнало пред примопредавањето - од почетокот на користењето.

За квалитетот и гаранцијата на материјалите што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Изведувачот е должен

сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Нарачателот.

***Гаранција за квалитетно извршување на Договорот***

**Член 44**

Согласно Известување од Нарачувачот бр.05-1814/2 од 25.10.2019 год., Изведувачот во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот бр.10124717 во еден оригинален примерок издадена од ПроКредит Банка АД Скопје, со важност од 28.10.2019 год. до 30.09.2020 год. на износ од 383.208,00 ден., со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши работите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 45**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 10 /десет/ месеци, сметано од денот на воведувањето во работа од страна на Нарачателот и констатирано на Записник за воведување во работа.

***Применлив закон***

**Член 46**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

***Виша сила***

**Член 47**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 48**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување , ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорот не може да се раскине поради не исполнување на незначителен дел од обврската.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неспроведливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

***Решавање на спорови***

**Член 49**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред стварно и месно надлежен суд.

***Завршни и општи одредби***

**Член 50**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 51**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 52**

Овој Договор е составен во 7 (седум) еднакви примероци, од кои 5 (пет) примероци за Нарачувачот и 2 (два) примероци за Изведувачот, а стапува на сила на денот на склучувањето.

| | |
|---|---|
| ***за Изведувачот,*** | ***за Нарачувачот*** |
| ***"КОП-ИНЖИНЕРИНГ" ДООЕЛ Скопје*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Фадиљ Бислимовски )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :
- предмер-пресметка со намалени единечни цени за 18,00 % согласно Извештај од е-аукција

*Изработил: Виш Соработник за спроведување на постапки за јавни набавки-Александра Миткова*
*Согласен : Раководител на Одделение за уредување на градежно земјиште –Драги Илијевски*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*

## ПРЕДМЕР

***за изградба на улица „Михајло Арсов" во село Прибачево - Општина Кочани***

| Ред. бр. | Опис | Ед. Мерка | Количина | Ед. Цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Претходни работи** | | | | |
| 1.1 | Обележување и исколчување на трасата (осовината и рабовите на косините) на предметната локација | m | 263,80 | 98,48 | **25.979,20** |
| 1.2 | Обележување и осигурување на трасата за безбедно изведување на работите | m | 263,80 | 98,48 | **25.979,20** |
| 1.3 | Машинско засекување на асфалтен коловоз со дебелина од 10-15 cm на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m | 5,00 | 123,07 | **615,35** |
| 1.4 | Премачкување на вертикални површини со нестабилни површини со нестабилна емулзија РБ200, на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m | 5,00 | 123,07 | **615,35** |
| 1.5 | Вадење на постоечки асфалт со дебелина до 10cm со утовар и транспорт до депонија на растојание до 10 km (од табеларен преглед) | m2 | 629,00 | 311,60 | **195.993.51** |
| **Вкупно I** | | | | | **249.182,61** |
| | | | | | |
| **II** | **Долен строј** | | | | |
| 2.1. | Машински ископ на земја 2 и 3 категорија во широк откоп со оформување на косините према проектот со утовар и транспорт во депонија на растојание до 10km (од табеларен преглед) | m3 | 486,00 | 205,04 | **99.648,48** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2. | Уредување - планирање, валирање и набивање на постелката за коловозот до потребна збиеност (да се достави теренски испитување за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи)<br>(од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m2 | 1.187,00 | 49.30 | **58.519.49** |
| **Вкупно II** | | | | | **158.167,97** |
| | | | | | |
| **III** | **Одводнување** | | | | |
| .3.1 | Ископ на дренажен ров со утовар и трансорт на материјалот до депонија на растојание од 0-5 km<br>(мерено компјутерски) | m3 | 51,00 | 205,04 | **10.456.94** |
| .3.2 | Набавка, транспорт и распотилање на слој од песок под дренажна цевка и под тротоари<br>(мерено компјутерски) | m3 | 6,00 | 696.84 | **4.181,05** |
| .3.3 | Набавка, транспорт и монтажа на дренажна цевка Ф110 полуперфорирана со вградување на мршав бетон или гилна (по избор) по детаљ (мерено компјутерски) | m | 280,00 | 180,45 | **50.525,40** |
| .3.4 | Набавка, транспорт и вградување на филтерски материјал<br>(мерено компјутерски) | m3 | 35,00 | 532,91 | **18.651,74** |
| **Вкупно III** | | | | | **83.815,13** |
| | | | | | |
| **IV** | **Горен строј** | | | | |
| 4.1 | Набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробен камен со зрна Ф(0-63)mm, со планирање и набивање до потребна збиеност mind=30cm спрема проектот (да се изврши теренско испитување за изработената позиција согласно МКС стандарди)<br>(од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m3 | 431,00 | 696,84 | **300.338,61** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 | Набавка, транспорт и машинско вградување и збивање на битуменизиран носив абечки слој БНХС16с d=7cm (да се достават лабараториски испитувања за изработената позиција согласно МКС стандардите)<br>(од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m2 | 924,00 | 696,84 | **643.881,37** |
| 4.3 | Изработка на банкини со ширина од 0,5 метри<br>(од табеларен прегелед) | m2 | 264,00 | 287,01 | **75.769,38** |
| **Вкупно IV** | | | | | **1.019.989,36** |
| | | | | | |
| **ВКУПНО(I+II+III+IV)** | | | | | **1.511.155,08** |
| **18 % ДДВ** | | | | | **272.007.91** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | **1.783.163,00** |

## *ПРЕДМЕР*

### *за изградба на улица „Тоде Паунов" во село Долни Подлог - Општина Кочани*

| *Ред. бр.* | *Опис* | *Ед. Мерка* | *Количина* | *Ед. Цена* | *Вкупна цена* |
|---|---|---|---|---|---|
| ***I*** | ***Претходни работи*** | | | | |
| ***1.1*** | Обележување и исколчување на трасата (осовината и рабовите на косините) на предметната локација | m | 219,40 | 98,50 | ***21.611,04*** |
| ***1.2*** | Обележување и осигурување на трасата за безбедно изведување на работите | m | 219,40 | 98,50 | ***21.611,04*** |
| ***1.3*** | Машинско засекување на асфалтен коловоз со дебелина од 10-15 cm на спој стар со нов асфалт<br>(мерено компјутерски) | m | 21,00 | 123,09 | ***2.584,91*** |
| ***1.4*** | Премачкување на вертикални површини со нестабилни површини со нестабилна емулзија РБ200, на спој стар со нов асфалт<br>(мерено компјутерски) | m | 21,00 | 123,09 | ***2.584,91*** |
| ***1.5*** | Висинско дотерување на капаци од постоечки шахти и вентили на висина на кота на нивелета +-(10-15)cm | бр. | 2,00 | 1.229,65 | ***2.459,30*** |
| **Вкупно I** | | | | | **50.851,20** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***II*** | **Долен строј** | | | | |
| ***2.1.*** | Машински ископ на земја 2 и 3 категорија во широк откоп со оформување на косините према проектот со утовар и транспорт (од табеларен преглед) | m3 | 296,00 | | |
| ***а.*** | до 100 m | m3 | 13,00 | 205,04 | ***2.665,49*** |
| ***б.*** | во депонија на растојание до 10 km | m3 | 283,00 | 205,04 | ***58.025,76*** |
| ***2.2.*** | Машинска изработка на насип добиен од ископ или од позајмиште со планирање и валирање во споеви од (30-40)cm (да се достават теренски испитувања за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи)<br>(од табеларен преглед) | m3 | 13,00 | 311,62 | ***4.051,76*** |
| ***II*** | ***Долен строј*** | | | | |
| 2.3. | Уредување - планирање, валирање и набивање на постелката за коловозот до потребна збиеност (да се достави теренски испитување за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи)<br>(од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m2 | 1.033,00 | 65,71 | **67.882,32** |
| Вкупно II | | | | | **132.624,58** |
| | | | | | |
| III | Горен строј | | | | |
| 3.1 | Набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробен камен со зрна Ф(0-63)mm, со планирање и набивање до потребна збиеност mind=30cm спрема проектот (да се изврши теренско испитување за изработената позиција согласно МКС стандарди)<br>(од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m3 | 331,00 | 696,86 | **230.661,09** |
| 3.2 | Набавка, транспорт и машинско вградување и збивање на битуменизиран носив абечки слој БНХС16с d=7cm (да се достават лабараториски испитувања за изработената позиција согласно МКС стандардите)<br>(од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m2 | 659,00 | 696,86 | **459.231,60** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.3 | Изработка на банкини со ширина од 0,5 метри<br>(од табеларен прегелед) | m2 | 220,00 | 287,03 | **63.145,55** |
| Вкупно IV | | | | | 753.038,25 |
| | | | | | |
| ВКУПНО**(I+II+III+IV)** | | | | | **936.514,03** |
| 18 % ДДВ | | | | | 168.572,53 |
| СЕ ВКУПНО | | | | | 1.105.086,56 |

**ПРЕДМЕР**

*за изградба на улица ,,Ангел Донев" во село Оризари - Општина Кочани*

| | Опис | Ед. Мерка | Количина | Ед. Цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Претходни работи** | | | | |
| 1.1 | Обележување и исколчување на трасата (осовината и рабовите на косините) на предметната локација | m' | 175,22 | 98,50 | **17.259,28** |
| 1.2 | Обележување и осигурување на трасата за безбедно изведување на работите | m' | 175,22 | 98,50 | **17.259,28** |
| 1.3 | Машинско засекување на асфалтен коловоз со дебелина од 10-15 cm на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m' | 25,00 | 287,03 | **7.175,63** |
| 1.4 | Премачкување на вертикални површини со нестабилни површини со нестабилна емулзија РБ200, на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m' | 15,00 | 123,09 | **1.846,36** |
| 1.5 | Висинско дотерување на капаци од постоечки шахти и вентили на висина на кота на нивелета +-(10-15)cm | бр. | 1,00 | 3.688,01 | **3.688,01** |
| | **Вкупно I** | | | | **47.228,57** |
| | | | | | |
| **II** | **Долен строј** | | | | |
| 2.1. | Машински ископ на земја 3 и 4 категорија во широк откоп со оформување на косините према проектот со утовар и транспорт (од табеларен преглед) | $m^3$ | 525,00 | | |
| а. | до 100 m | $m^3$ | 71,00 | 287,03 | **20.387,79** |
| б. | во депонија на растојание до 10 km | $m^3$ | 454,00 | 287,03 | **130.309,46** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2. | Машинска изработка на насип добиен од ископ или од позајмиште со планирање и валирање во спoеви од (30-40)cm (да се достават теренски испитувања за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи)<br>(од табеларен преглед) | $m^3$ | 71,00 | 368,99 | **26.198,46** |
| **IV** | **Горен строј** | | | | |
| 4.3 | Набавка, транспорт и монтажа на бетонски рабници 18/24 од бетон МБ40 на подлога од бетон МБ20 (мерено компјутерски) | m' | 382,00 | 532,93 | **203.578,07** |
| | **Вкупно IV** | | | | **1.345.733,76** |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО(I+II+III+IV)** | | | | **1.703.222,25** |
| | **18 % ДДВ** | | | | **306.580,00** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | **2.009.802,25** |

## ПРЕДМЕР ЗА ТРОТОАРИ

*за изградба на улица ,,Ангел Донев" во село Оризари - Општина Кочани*

| Ред. бр. | Опис | Ед. Мерка | Количина | Ед. Цена | Вкупна |
|---|---|---|---|---|---|
| **II** | **Долен строј** | | | | |
| 2.1. | Уредување - планирање, валирање и набивање на постелката за тротоар до потребна збиеност (да се достави теренски испитување за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи) (табеларен преглед) | $m^2$ | 463,00 | 98,50 | **45.605,80** |
| | **Вкупно II** | | | | **45.605,880** |
| | | | | | |
| **IV** | **Горен строј** | | | | |
| 4.1 | Набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробен камен со зрна Ф(0-63)mm, со планирање и набивање до потребна збиеност mind=15cm под тротоари спрема проектот (да се изврши теренско испитување за изработената позиција согласно МКС стандарди) (од табеларен преглед) | $m^3$ | 79,00 | 713,25 | **56.347,13** |
| 4.2 | Набавка, транспорт и вградување на павер елементи (боја по избор) со димензии 6/10/20 (од табеларен преглед) | $m^2$ | 459,00 | 532,93 | **244.613,44** |
| 4.3 | Набавка, транспорт и распостилање на ситен песок под павер елементи (од табеларен преглед) | $m^2$ | 459,00 | 82,11 | **37.687,21** |
| 4.4 | Набавка, транспорт и вградување на рабници тип павер 6/20/100 на подлога од бетон МБ20 (од табеларен преглед) | m' | 350,00 | 287,03 | **100.458,84** |
| | **Вкупно IV** | | | | **439.106,61** |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | **484.712,42** |
| | **18 % ДДВ** | | | | **87.248,23** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | **571.960,65** |

**ПРЕДМЕР**

*за изградба на крак 4 од улица ,,Маршал Тито" во село Мојанци - Општина Кочани*

| Ред. бр. | Опис | Ед. Мерка | Количина | Ед. Цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Претходни работи** | | | | |
| 1.1 | Обележување и исколчување на трасата (осовината и рабовите на косините) на предметната локација | m' | 196,00 | 98,50 | **19.306,13** |
| 1.2 | Обележување и осигурување на трасата за безбедно изведување на работите | m' | 196,00 | 98,50 | **19.306,13** |
| 1.3 | Машинско засекување на асфалтен коловоз со дебелина од 10-15 cm на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m' | 50,00 | 147,68 | **7.384,05** |
| 1.4 | Премачкување на вертикални површини со нестабилни површини со нестабилна емулзија РБ200, на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m' | 50,00 | 147,68 | **7.384,05** |
| | **Вкупно I** | | | | **53.380,36** |
| | | | | | |
| **II** | **Долен строј** | | | | |
| 2.1. | Машински ископ на земја 3 и 4 категорија во широк откоп со оформување на косините према проектот со утовар и транспорт во депонија на растојание до 10km (од табеларен преглед) | $m^3$ | 282,00 | 287,03 | **80.941,12** |
| 2.2. | Уредување - планирање, валирање и набивање на постелката за коловозот до потребна збиеност (да се достави теренски испитување за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи) (од табеларен преглед и компјутерско мерење) | $m^2$ | 672,00 | 82.11 | **55.176,05** |
| | **Вкупно II** | | | | **136.117,17** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **III** | **Одводнување** | | | | |
| .3.1 | Ископ на дренажен ров со утовар и трансорт на материјалот до депонија на растојание од 0-5 km (мерено компјутерски) | $m^3$ | 38,00 | 287,03 | **10.906,96** |
| .3.2 | Набавка, транспорт и распотилање на слој од песок под дренажна цевка и под тротоари (мерено компјутерски) | $m^3$ | 4,00 | 696,87 | **2.787,49** |
| .3.3 | Набавка, транспорт и монтажа на дренажна цевка Ф110 полуперфорирана со вградување на мршав бетон или гилна (по избор) по детаљ (мерено компјутерски) | m' | 210,00 | 229,65 | **48.226,12** |
| .3.4 | Набавка, транспорт и вградување на филтерски материјал (мерено компјутерски) | $m^3$ | 26,00 | 532,93 | **13.856,10** |
| **Вкупно III** | | | | | **75.776,66** |
| | | | | | |
| **IV** | **Горен строј** | | | | |
| 4.1 | Набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробен камен со зрна Ф(0-63)mm, со планирање и набивање до потребна збиеност mind=30cm спрема проектот (да се изврши теренско испитување за изработената позиција согласно МКС стандарди) (од табеларен преглед и компјутерско мерење) | $m^3$ | 101,00 | 713,25 | **73.083,73** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 | Набавка, транспорт и машинско вградување и збивање на битуменизиран носив абечки слој БНХС16с d=7cm (да се достават лабараториски испитувања за изработената позиција согласно МКС стандардите) (од табеларен преглед и компјутерско мерење) | m² | 702,00 | **639,48** | **448.917,95** |
| | **Вкупно IV** | | | | **520.956,68** |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО(I+II+III+IV)** | | | | **786.230,87** |
| | **18 % ДДВ** | | | | **141.521,56** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | **927.752,43** |

## ПРЕДМЕР

*за изградба на улица ,,Ангел Стојчев" во село Тркање - Општина Кочани*

| Ред. бр. | Опис | Ед. Мерка | Количина | Ед. Цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Претходни работи** | | | | |
| 1.1 | Обележување и исколчување на трасата (осовината и рабовите на косините) на предметната локација | m' | 145,62 | 123,09 | **17.924,49** |
| 1.2 | Обележување и осигурување на трасата за безбедно изведување на работите | m' | 145,62 | 123,10 | **17.925,94** |
| 1.3 | Машинско засекување на асфалтен коловоз со дебелина од 10-15 cm на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m' | 4,00 | 123,10 | **492,40** |
| 1.4 | Премачкување на вертикални површини со нестабилни површини со нестабилна емулзија РБ200, на спој стар со нов асфалт (мерено компјутерски) | m' | 4,00 | 123,10 | **492,40** |
| 1.5 | Висинско дотерување на капаци од постоечки шахти и вентили на висина на кота на нивелета +-(10-15)cm | бр. | 2,00 | 2.049,33 | **4.098,66** |
| | **Вкупно I** | | | | **40.933,89** |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **II** | **Долен строј** | | | | |
| 2.1. | Машински ископ на земја 3 и 4 категорија во широк откоп со оформување на косините према проектот со утовар и транспорт (од табеларен преглед) | $m^3$ | 205,00 | 311,62 | **63.881,16** |
| а. | до 100 m | $m^3$ | 30,00 | 311,62 | **9.348,46** |
| б. | во депонија на растојание до 10 km | $m^3$ | 175,00 | 311,62 | **54.532,70** |
| 2.2. | Машинска изработка на насип добиен од ископ или од позајмиште со планирање и валирање во слоеви од (30-40)cm (да се доставаат теренски испитувања за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи) (од табеларен преглед) | $m^3$ | 30,00 | 368,99 | **11.069.77** |
| 2.3. | Уредување - планирање, валирање и набивање на постелка до потребна збиеност (да се достави теренски испитување за изработената позиција согласно со М.К.С. стандарди и прописи) (табеларен преглед) | $m^2$ | 592,00 | 311,62 | **184.476,32** |
| **Вкупно II** | | | | | **323.308,41** |
| | | | | | |
| **III** | **Одводнување** | | | | |
| .3.1 | Ископ на дренажен ров со утовар и трансорт на материјалот до депонија на растојание од 0-5 km (мерено компјутерски) | $m^3$ | 27,00 | 287,03 | **7.749,68** |
| .3.2 | Набавка, транспорт и распотилање на слој од песок под дренажна цевка и под тротоари | $m^3$ | 3,00 | 696,86 | **2.090,58** |
| .3.3 | Набавка, транспорт и монтажа на дренажна цевка Ф110 полуперфорирана со вградување на мршав бетон или гилна (по избор) по детаљ | m' | 150,00 | 262.44 | **39.365,26** |
| .3.4 | Набавка, транспорт и вградување на филтерски материјал | $m^3$ | 19,00 | 532,93 | **10.125,61** |
| **Вкупно III** | | | | | **59.331,14** |
| | | | | | |
| **IV** | **Горен строј** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробен камен со зрна Ф(0-63)mm, со планирање и набивање до потребна збиеност mind=30cm под коловозот спрема проектот (да се изврши теренско испитување за изработената позиција согласно МКС стандарди) (од табеларен преглед) | $m^3$ | 207,00 | 713,25 | **147.643,73** |
| 4.2 | Набавка, транспорт и машинско вградување и збивање на битуменизиран носив абечки слој БНХС16с d=7cm (да се достават лабараториски испитувања за изработената позиција согласно МКС стандардите) (мерено компјутерски) | $m^2$ | 510,00 | 639,48 | **326.136,97** |
| .4.3 | Набавка, транспорт и монтажа на бетонски рабници 18/24 од бетон МБ40 на подлога од бетон МБ20 (мерено компјутерски) | m' | 286,00 | 614,87 | **175.853,99** |
| **Вкупно IV** | | | | | **649.634,70** |
| | | | | | |
| **ВКУПНО(I+II+III+IV)** | | | | | **1.073.208,15** |
| **18 % ДДВ** | | | | | **193.177,47** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | **1.266.385,61** |

| ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР | | |
|---|---|---|
| Р. Б | ОПИС НА РАБОТИТЕ | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ |
| 1. | ***Изградба на улица „Михајло Арсов" во село Прибачево - Општина Кочани*** | **1.511.155,08** |
| 2. | ***Изградба на улица „Тоде Паунов" во село Долни Подлог - Општина Кочани*** | **936.514,03** |
| 3. | ***Изградба на улица „Ангел Донев" во село Оризари - Општина Кочани*** | **1.703.222,25** |
| 4. | ***Предмер за тротоари за изградба на улица „Ангел Донев" во село Оризари - Општина Кочани*** | **484.712,42** |
| 5. | ***Изградба на крак 4 од улица „Маршал Тито" во село Мојанци - Општина Кочани*** | **786.230,87** |
| 6. | ***Изградба на улица „Ангел Стојчев" во село Тркање - Општина Кочани*** | **1.073.208,15** |
| | **ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ** | **6.495.042,80** |
| | ***ДДВ 18 %*** | *1.169.107,70* |
| | **ВКУПНА ЦЕНА СО ДДВ** | 7.664.150.50 |

***за Изведувачот,***
***"КОП-ИНЖИНЕРИНГ" ДООЕЛ Скопје***
***Управител,***

***( Фадиљ Бислимовски )***

***за Нарачувачот***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Виш Соработник за спроведување на постапки за јавни набавки-Александра Митковa*
*Согласен : Раководител на Одделение за уредување на градежно земјиште –Драги Илијевски*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*